**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
***Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје***
***Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466*** *www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

Уп. бр.08-2

Врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на друштвото Смурфит Капа Груп Плц (Smurfit Kappa Group Plc), со регистрирано седиште на Бич Хил, Клонскхиг Даблин 4, Д04Н2Р2, Ирска (Beech Hill, Clonskheagh, Dublin 4, D04N2R2, Ireland), преку Мартин Иванов, адвокат од Скопје, на седница одржана на ден 11.02.2019 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

**1. Се утврдува дека концентрацијата** со која друштвото Смурфит Капа Груп Плц (Smurfit Kappa Group Plc), со регистрирано седиште на Бич Хил, Клонскхиг Даблин 4, Д04Н2Р2, Ирска (Beech Hill, Clonskheagh, Dublin 4, D04N2R2, Ireland) ќе стекне контрола над Балканпак ООД (Balkanpack OOD) со седиште на адреса 114, булевар „23-ти Пехотен Шипченски Полк" Казанлак 6100, Бугарија и Елзем ООД (Elzem OOD) со седиште на адреса 114, булевар „23-ти Пехотен Шипченски Полк" Казанлак 6100, Бугарија **не потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 5.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 28.12.2018 година, Смурфит Капа Груп Плц (Smurfit Kappa Group Plc), со регистрирано седиште на Бич Хил, Клонскхиг Даблин 4, Д04Н2Р2, Ирска (Beech Hill, Clonskheagh, Dublin 4, D04N2R2, Ireland), согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе известување за концентрација (бр. 08-97) според кое друштвото Смурфит Капа Груп Плц, Ирска преку холдинг друштво Смурфит Капа Еуропе Б.В. (Smurfit Kappa Europe B.V.), кое е во негова целосна сопственост, со регистрирано седиште на адреса Еверт ван де Беекстраат 1-106, 1118 ЦЛ Сцхипхол, Холандија (Evert van de Beekstraat 1-106, 1118 CL Schiphol, Netherlands) ќе стекне контрола над Балканпак ООД (Balkanpack OOD) со седиште на адреса 114, булевар „23-ти Пехотен Шипченски Полк" Казанлак 6100, Бугарија и Елзем ООД (Elzem OOD) со седиште на адреса 114, булевар „23-ти Пехотен Шипченски Полк" Казанлак 6100, Бугарија) преку купопродажба на акции.

*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

На 03.01.2019 и на 04.01.2019 година Смурфит Капа Груп Плц, Ирска до Комисијата достави дополнување на известувањето за концентрација.

Со допис 08-1 од 09.01.2019 година Комисијата побара од Смурфит Капа Груп Плц, Ирска да достави дополнување на известувањето за концентрација.

На 17.01.2019, на 18.01.2019 и на 22.01.2019 година Смурфит Капа Груп Плц, Ирска до Комисијата достави дополнување на известувањето за концентрација.

На 22.01.2019 година Смурфит Капа Груп Плц, Ирска до Комисијата достави барање да не се објавува јавно фактот дека до Комисијата е поднесено предметното известување за концентрација.

На ден 01.02.2019 година, Комисијата на Смурфит Капа Груп Плц, Ирска му издаде потврда за целосност на извествањето.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањето и прилозите кон истите го утврди следното:

Согласно член 12 од Законот концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а како резултат на стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие.

Во конкретниот случај со стекнување на XXX[1] од акциите во Балканпак ООД Бугарија и XXX од акциите во Елзем ООД Бугарија од страна на Смурфит Капа Груп Плц, Ирска настанува концентрација во смисла на наведениот член 12 од Законот.

Подносителот на известувањето е присутен во Република Македонија преку продажба на своите производи и учесниците во концентрацијата немаат регистрирано свои поврзани субјекти во Република Македонија.

Дополнително, согласно член 14 став (1) точка 2) од Законот известување за концентрација до Комисијата се поднесува, ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата.

При оценка на предметната концентрација Комисијата го има предвид фактот дека со решение бр. 08-77 од 19.12.2018 година, Комисијата го одобри стекнувањето на контрола од страна на Смурфит Капа Груп Плц, Ирска над

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

Фабрика за хартија д.о.о Белград, со седиште на Прилазни Пут Ада Хуји 9, Белград, Србија и над Авала Ада д.о.о Белград, со седиште на Прилазни Пут Ада Хуји 9, Белград, Србија.

Во конкретниот случај имајќи ги во предвид податоците и документите доставени со известувањето Комисијата утврди дека заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Македонија не го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, па оттука предметната концентрација не потпаѓа под одредбите на Законот.

Имено, при утврдувањето на вкупниот приход кој учесниците го имаат остварено со продажба на стоки и услуги во Република Македонија Комисијата го зема во предвид само приходот кој го отварил Смурфит Капа Груп Плц, Ирска, но не и приходот кој со продажба на стоки и услуги во Република Македонија го оствариле Фабрика за хартија д.о.о Белград, Србија и Авала Ада д.о.о Белград, Србија. Комисијата утврди дека како ден кој се зема како релевантен за утврдување на фактот дали коцентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот е XXX кога е склучен XXX. Според известувањето на подносителот, до XXX, сеуште не било реализирано стекнувањето на контрола од страна на Смурфит Капа Груп Плц, Ирска над Фабрика за хартија д.о.о Белград и над Авала Ада д.о.о Белград, односно не била реализирана концентрацијата одобрена со решението бр. 08-77 од 19.12.2018 година, заради што и кон вкупниот приход на Смурфит Капа Груп Плц, Ирска не се додава вкупниот приход на Фабрика за хартија д.о.о Белград и над Авала Ада д.о.о Белград.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Д-р Владимир Наумовски**